Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
БР. 01-37/1
13.02 20 18 год.
Кичево

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

**СТУДЕНЧИЦА**

Бул. Ослободување 60А/І-1 6250 Кичево, Македонија
Тел: 045 220 121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *И З В Е Ш Т А Ј  З А  Р А Б О Т А*
# *за 2017 година*

***Кичево, јануари 2018 година***

# Содржина на извештајот


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ВОВЕД | 3 |
| 2. | ОПШТ ДЕЛ | 4 |
| 3. | Технички работи | 7 |
| 4. | Општо-кадровски, нормативни и правни работи | 16 |
| 5. | Економско-финансиско работење | 35 |

# *1. ВОВЕД*

Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" - Кичево како правен субјект е настанато со статусна промена, делење на ЈП за водоснабдување "Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје на две јавни претпријатија. Со Одлука на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување " Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје бр.0201-267 од 09.05.2001 година на која Владата на РМ даде согласност со Одлука бр. 23-3213/1 од 12 јули 2001 година објавена во Сл.весник на РМ бр.53 од 12 јули 2001 година. Со наведената статусна промена целокупниот капитал и средства на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје остануваат во сопственост на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Скопје, како и сите права и обврски на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје во целост ги презема ЈП " Студеница" Скопје. ЈП "Студенчица и Злетовица " Скопје е бришано од судскиот регистар со Решение Срег.бр.268/2001 од 23.07.2001 година, а новото ЈП " Студенчица" Скопје е впишано во трговскиот регистар при Основниот суд Скопје 1 со Решение рег.бр.2706/2001 од 23.7.2001 година.

Дејноста на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево е утврдена во член 2 на горенаведената Одлука:

**36.00 - Собирање, пречистување и диструбуција на вода за пиење и прехранбена вода** и одржување и експлоатација на Регионалниот водовод "Студенчица" за потребите на делови од 7 (седум) општини и тоа: Кичево, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Крушево, Кривогаштани и Прилеп и технолошка и санитарна вода за потребите на РЕК "Осломеј.

Во текот на 2009 год. од страна на Владата на РМ, дадена е согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Скопје, бр. 02-145/1-2/1 од 30.01.2009 год. за проширување на дејноста на ЈП, **35.11 производство на електрична енергија.**

Во текот на 2013 година од страна на Владата на РМ, дадена е согласност за дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување Студенчица со нова дејност **11.07 Производство на освежителни пијалоци, производство на минерална вода и друга флаширана вода.**

Според **ОСНОВНО РЕШЕНИЕ за регионално водоснабдување на Кичево со ТЕ "Осломеј", Македонски Брод, Прилеп и Крушево со населените места со вода од изворот на р. Студенчица,** од јануари 1975 година, на крајот од проектниот период предвидено е да се водоснабдуваат, покрај четирите градови и 68 населени места долж трасата на цевоводот, односно 72 заедно со градовите, со вкупен број од 192 051 жители.

Состојбата со приклучоците на регионалниот водовод, односно со приклучените населени места, на крајот од 2017 година е променета во однос на претходната 2016 година. Дополнително приклучено населено место е село Латово, Македонски Брод кое е предвидено во Основното решение од 1975 година. Според очекуваниот прираст, бројот на жителите кои се водоснабдуваат од Регионалниот водовод и приклучените населени места, на крајот од 2017 година е следна:

- Вкупно предвидени и приклучени населени места 56, со 133.499 жители,
- Вкупно предвидени и не приклучени населени места 22, со 7.141 жители,

- Вкупно не предвидени, а приклучени населени места 21, со 14.167 жители,

Од вкупниот збир на приклучени населени места (предвидени 56 и непредвидени 21) и предвидени, а не приклучени населени места 22 се добива бројка од 99 населени места, што е за 27 населени места повеќе од предвидените со Основното решение, односно зголемен е бројот на населените места за 27.28%. Според бројот на жители вкупно се водоснабдуваат 155.038 жители што претставува 19.28% помалку во однос на предвидените во Основното решение од 192.051 жители на крајот на проектниот период 2010 година.

## *2. ОПШТ ДЕЛ*

Од Програмата за работа за 2017 година која е изработена во рамките на финансиските можности на ЈП и потребите на регионалниот водоснабдителен систем, реализирани се дел од предвидените активности.

Ниската цена, тешките услови за стопанисување, социјалната состојба во нашата земја и нередовно исполнување на обврските од страна на ЈКП се состојби, кои хронично го следат работењето на ЈП"Студенчица", во текот на деловната 2017 година.

Единичната цена на водата за корисниците на РВСС последно е променета во јануари 2015 година со одлука на Влада на РМ бр.42-10886/3-14 од 08.01.2015 година и цените се прикажани во следниот табеларен преглед **Т-2.1..** Истите се различни според оддалеченоста од изворот и изнесуваат:

**Т-2.1. Преглед на единичните цени за 2017 год.**

| Правно лице | Единечна цена (ден/м3) |
|---|---|
| 1. ЈКП "Комуналец" ЦО Кичево | 0.8904 |
| 2. ЈКП "Комуналец" ЦО Македонски Брод | 1.3780 |
| 3. ЈКП "Комуна" ЦО Крушево | 1.8020 |
| 4. ЈКП "Комуналец" ЦО Прилеп | 1.8020 |
| 5. ЈКП "Комуналец" Долнени | 1.8020 |
| 6. ОЈПКД "Пелагонија" Кривогаштани | 1.8020 |
| 7. ЈПКД "Комуналец" Пласница | 1.3780 |
| 8. РЕК Осломеј с.Осломеј | 5.3000 |

ЈП "Студенчица" Кичево, врз основа на испорачана сирова вода на корисниците, подружницата на ЕЛЕМ, РЕК "Осломеј", Јавните комунални претпријатија, заклучно со **31.12.2017** година има ненаплатени побарувања од купувачи од вкупно **77.670.859,00** денари. Покрај приходите остварени врз основа на испорачана сирова вода во 2017 година остварени се и приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец. Заклучно со 31.12.2017 година има ненаплатени побарувања кон МЕПСО АД Скопје во износ од **1.1.876.344,00**

денари односно фактурата за декември 2017 година. Поединечните побарувања од ЈКП, РЕК Осломеј и АД МЕПСО е прикажано во следната табела Т-2.2:

**Т.2.2. Преглед на вкупни побарувања**

| Ред. бр. | Правно лице | Побарувања до 31.12.2016 година | Вкупни побарувања заклучно со 31.12.2017 год |
|---|---|---|---|
| 1. | АД "Елем" - Скопје | 1.448.126,50 | 2.680.114,00 |
| 2. | ЈП "Комуналец" - Кичево | 64.346.299,50 | 59.265.257,00 |
| 3. | ЈКП "ВИК" - М.Брод | 4.275.305,50 | 3.953.652,00 |
| 4. | ЈП "Комуна" - Крушево | 2.130.758,50 | 1.952.263,00 |
| 5. | ЈКП "ВИК"- Прилеп | 9.774.708,50 | 952.355,00 |
| 6. | ЈКП "Долнени" - Долнени | 5.522.658,00 | 5.095.169,00 |
| 7. | ЈКП "Комуналец" - Пласница | 3.633.046,00 | 3.611.700,00 |
| 8. | ОЈКП "Пелагонија" - Кривогаштани | 84.502,00 | 160.349,00 |
| 9. | АД „МЕПСО" Скопје | 1.888.273,00 | 1.876.344,00 |
| | **ВКУПНО:** | **93.103.677,50** | **79.547.203,00** |

| **Т-2.3. Преглед на износи на наплатени побарувања 2016/ 2017 год** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Правно лице** | **Наплатени побарувања 31.12.2017** | **Наплатени побарувања 31.12.2016** | **Индекс на наплата 2017/2016** |
| 1. | ЈКП "Комуналец" - Кичево | 11.062.475,00 | 9.255.414,00 | 1.195 |
| 2. | ЈКП "ВИК" - М. Брод | 938.827,00 | 841.753,00 | 1.115 |
| 3. | ЈКП "Комуна" - Крушево | 1.358.273,00 | 1.033.520,00 | 1.314 |
| 4. | ЈКП "ВИК" - Прилеп | 21.007.864,00 | 12.397.747,00 | 1.694 |
| 5. | ЈКП "Долнени" - Долнени | 3.026.969,00 | 2.629.576,00 | 1.151 |
| 6. | РЕК "Осломеј" - Кичево | 10.093.660,00 | 11.023.054,00 | 0.916 |
| 7. | ЈКП "Комуналец" - Пласница | 1.173.704,00 | 628.148,00 | 1.868 |
| 8. | ОЈКП "Пелагонија" - Кривогаштани | 0 | 25.000,00 | / |
| | **Вкупно:** | **48.661.772,00** | **37.834.212,00** | **1.286** |

Процентот на наплата на побарувањата на ЈП односно плаќањето на обврските од страна на ЈКП за 2017 година е приближно 39% од вкупните нивни обврски и е поголем во однос на наплатата за 2016 година како што е прикажано во табеларен преглед на Т-2.3.

Состојбата со побарувањата во ЈП и нивната анализа се предмет на обработка во економско-финансискиот дел од овој извештај.

Кичево,

Јануари, 2018 година

ВД ДИРЕКТОР

Урим Ахмеди

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
**СТУДЕНЧИЦА**
Бул. Ослободување 60А/І-1 6250 Кичево, Македонија
Тел: 045 220 121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА*
# *за период од 01.01-31.12.2017 година*
# *технички сектор*

***Кичево, јануари 2018 год.***

## *3. Извештај за работата на Технички сектор 01.01 - 31.12.2017 година*

Извршените работи предвидени со програмата за работа на ЈП за 2017 година, прикажани се во наредната табела Т-3.

На планот од 2017 година не се направени измени и дополнувања при што од планираните приходи во деловната 2017 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) се предвидуваше да се извршат работи со вкупна вредност од 8.380.000,00 денари, а извршени се работи со вкупна вредност од 149.000,00 денари односно од вкупно предвидените активности финансиски реализирани се 1.78%, додека пак реализацијата според бројот на предвидени работи изнесува 50.00%. Од акумулираните средства се предвидуваше да се извршат работи со вкупна вредност од 30.862.400,00 денари, а извршени се работи со вкупна вредност од 98.000,00 денари односно од вкупно предвидените активности финансиски реализирани се 0.32%, додека пак реализацијата според бројот на предвидени работи изнесува 33.33%.

1. Според програмата за работа за 2017 година, од делот Инвестициона-техничка документација и интелектуални услуги од вкупно 3 (три) предвидени активности резлизирана е една односно 33.33 % според бројот на предвидени работи. Предвидената активност за надзор врз изградба на МХЕ Варош е одложена за во 2018 година додека пак надзорот врз доградба на постоечки СКАДА систем на РВ Студенчица нема да се реализира.

2. Во делот Инвестициона градба од вкупно 2 (две) активности реализирана е една односно 50.0% според бројот на предвидени работи. Активноста за реконструкција на придружни објекти на РВ Студенчица е одложена за 2018 година и истата ќе се одвива во неколку фази.

3. Во делот Набавка на опрема, од вкупно 2 (две) предвидени активности реализирана е една активност односно 50.0% според бројот на предвидените работи. Активноста за набавка на хидромеханска опрема, електротехничка опрема и потрошен материјал за МХЕ Добреноец е во тек и истата е во фаза на евалуација на понуди.

4. Во делот Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема предвидената активност е реализирана.

5. Активностите од точка 3.2.1 - започнати активности од претходни години од вкупно 5 (пет) предвидени активности реализирани се 2 (две) односно 40.00% според бројот на предвидени работи. Во текот на 2016 година извршен е упис во катастарот на недвижности на РМ на цевководот како подземен инфраструктурен објект. Оваа активност е делумно завршена при што преостанува уште да се изврши упис и на надземните придружни објекти од цевководот. Истата ќе се реализира откако ќе се изврши усогласување на законската регулатива со видот на објекти со кои стопанисува РВС Студенчица, а со тоа ќе се завршат и преостанатите 30% според договорот. Набавката на турбина и генератор на микро

ХЕЦ Зафат е одложена за 2018 година додека пак доградбата на постоечкиот СКАДА систем на РВ Студенчица нема да се реализира.

6. Активноста од точка 3.2.2 – планирани активности во тековната година, изградба на МХЕ Варош, клуч на рака не е реализирана и е одложена за 2018 година.

| ***Т-3 Преглед на реализација на активности за 2017 година*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***преглед на реализирани активности, според инвестиции и активности*** | | | |
| ***3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2017 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)*** | | | |
| ***3.1.1 Инвестиоционо - техничка документација и интелектуални услуги*** | | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Технички надзор и изработка на извештај од надзор врз санација на постоечка хидроизолација на зафатот (каптажа) од изворот Студенчица | 100.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 100.000,00 денари; до 31.12.2017 финансиски не е реализирано) |
| 2 | Технички надзор и изработка на извештај од надзор врз изградба на МХЕ Варош, со вклучени гаранциски мерења | 300.000,00 | Не е реализирано |
| 3 | Технички надзор и изработка на извештај од надзор врз доградба на постоечкиот СКАДА систем со нови мерни места за катодна заштита | 30.000,00 | Не е реализирано |
| | **Вкупно 3.1.1:** | **430.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **33,33** |
| ***3.1.2 Инвестициона градба*** | | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Санација на постоечка хидроизолација на зафатот (каптажа) од изворот Студенчица | 5.000.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 4.977.749,00 денари; до 31.12.2017 финансиски не е реализирано) |
| 2 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа каптажа, РГ Другово и ПК Барбарас | 1.000.000,00 | Не е реализирано |
| | **Вкупно 3.1.2:** | **6.000.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **50,00** |

| 3.1.3 Набавка на опрема | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Набавка на опрема за видео надзор на објект РГ Другово | 150.000,00 | 149.000,00 |
| 2 | Набавка на хидромеханска опрема, електротехничка опрема и потрошен материјал за МХЕ Добреноец за 2017 година | 1.500.000,00 | Активноста е во тек (постапката е во фаза на евалуација на понуди) |
| | **Вкупно 3.1.3:** | **1.650.000,00** | **149.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **9,03** | **50,00** |

| 3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2017 година | 300.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 300.000,00 денари; до 31.12.2017 финансиски не е реализирано) |
| | **Вкупно 3.1.4:** | **300.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **100,00** |

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНСТИ ОД ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2017 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 3.1.1 | Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги | **430.000,00** | **0,00** |
| 3.1.2 | Инвестициона градба | **6.000.000,00** | **0,00** |
| 3.1.3 | Набавка на опрема | **1.650.000,00** | **149.000,00** |
| 3.1.4 | Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема | **300.000,00** | **0,00** |
| | **Вкупно 3.1 :** | **8.380.000,00** | **149.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **1,78** | **50,00** |

| 3.2 Активности за реализација од акумулирани средства | | | |
|---|---|---|---|
| **3.2.1 Започнати активности од претходни години** | | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Доработка на геодетски елаборат за легализација на Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица (останати 30% според договор бр.05-1729/1 од 25.08.2014 година) | **962.400,00** | Не е реализирано (останати 30% според договор) |
| 2 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | **1.500.000,00** | Не е реализирано |
| 3 | Доградба на постоечкиот СКАДА систем со нови мерни места за катодна заштита | **3.000.000,00** | Не е реализирано |
| 4 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2016 година | **300.000,00** | **35.000,00** |
| 5 | Одржување на постоечкиот СКАДА систем на РВ Студенчица за 2016 година | **100.000,00** | **63.000,00** |
| | **Вкупно 3.2.1 :** | **5.862.400,00** | **98.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **1,67** | **40,00** |
| **3.2.2 Планирани активности во тековната година** | | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Изградба на МХЕ Варош - клуч на рака | **25.000.000,00** | Не е реализирано |
| | **Вкупно 3.2.2 :** | **25.000.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **-** |

| РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД АКУМУЛИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2017 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 3.2.1 | Започнати активности од претходни години | **5.862.400,00** | **98.000,00** |
| 3.2.2 | Планирани активности во тековната година | **25.000.000,00** | **0,00** |
| | **Вкупно 3.2 :** | **30.862.400,00** | **98.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **0,32** | **33,33** |

| СЕ ВКУПНИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2017 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) | **8.380.000,00** | **149.000,00** |
| 2 | Активности за реализација од акумулирани средства | **30.862.400,00** | **98.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **39.242.400,00** | **247.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **0,63** | **42,86** |

Покрај наведените активности во табеларните прегледи техничкиот сектор работеше на изготвување на тендерски документации и на реализација на истите преку Комисии за ЈН, работеше на реализација на тековните активности, разни интервентни работи и тоа:

1. **Табеларен преглед на изработени тендерски документации и технички спецификации за јавни набавки**

| **Реден број** | **Опис** | **Вид на постапка** |
|---|---|---|
| 1 | Набавка на хигиенски средства | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 2 | Набавка и монтажа на опрема за видео надзор на објект РГ Другово | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 3 | Технички надзор врз санација на постоечка хидроизолација на објектот каптажа на РВС Студенчица | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 4 | Набавка на тонери | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 5 | Набавка на канцелариски материјал | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 6 | Набавка на градежни материјали, според техничка спецификација | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 7 | Набавка на угостителски (ресторански) услуги | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 8 | Набавка на течен нафтен гас (ТНГ) за парно греење во разделна градба Другово – грејна сезона 2017/2018 (полнет во 35 килограмски боци) | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Одржување, поправка и сервисирање на МХЕ Добреноец | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 10 | Ревизија на финансиските извештаи и извештаите за материјално – финансиско работење на ЈП Студенчица Кичево за 2017 година | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 11 | Одржување, поправка и сервисирање на службени возила и одржување поправка и сервисирање на градежна машина | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 12 | Набавка на ХТЗ (лична заштитна опрема за вработените) | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 13 | Набавка на резерви делови (градежна машина и службени возила) | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 14 | Набавка на гориво за службени моторни возила на ЈП Студенчица | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас преку ЕСЈН |
| 15 | Санација на постоечка хидроизолација на зафатот (каптажа) од изворот Студенчица | Отворена постапка со објавување на оглас преку ЕСЈН |

## 2. Тековни активности

- Учество во комисијата за сите јавни набавки во Јавното Претпријатие;
- Изработка на фактури за испорачаната вода од Регионалниот водовод Студенчица;
- Изработка на фактури за испорачана електрична енергија од МХЕ Добреноец;
- Изготвување на документација за трасата и нивелетата на цевководот, издавање на хидротехнички услови за градење на објекти и урбанистичко планирање во близина на Регионалниот водовод Студенчица по барање на странките;
- Водење на евиденција за издашноста на изворот;
- Секојдневна анализа на протоците на изворот, зафатените количества и нивната распределба;
- Организирање и следење на работите на работната група за одржување и интервенции;
- Редовна контрола на системот за катодна заштита на Регионалниот водовод;
- Следење на работата на SCADA системот на Регионалниот водовод;

- Следење на работата на МХЕ Добреноец, редовно тековно подмачкување на лежишта на турбина и генератор на секој 1500 работни часа.
- Учество во изработката на годишниот план за работа на Јавното претпријатие, инвестиционата програма како и извештаите за работа на претпријатието

## 3. Активности на работната група и диспечерската служба

- Чистење на снег во кругот на каптажата и Разделна градба Другово;
- Чистење на одрони од камења на пристапниот пат за каптажа, проверка и празнење на шахтите од вода околу Разделна градба Другово;
- Санација на еродирани површини од поројни дождови на пристапниот пат до каптажа (санација на дупките од патот како и чистење на потрупаните каналетки за одвод на површинска вода од патот);
- Чистење на кругот од каптажата, пристапниот пат до каптажа и кругот од РГ Другово од зарасната вегетација;
- Регулирање на проток во приклучните шахти: Србјани, Лисичани, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Дебреште, Житоше, Ропотово, Сарандиново;
- Извршена е контрола на системот за катодна заштита, мерење на заштитниот потенцијал и подесување на режимот на работа на мерно исправувачките единици;
- Секојдневно читање на водостоите на изворот Студенчица како и мерните инструменти во Разделна градба Другово;
- Редовно месечно читање на сите водомери по приклучните шахти;
- Секојдневно чистење на теренските возила, како и употребуваниот рачен и електричен алат;
- Чистење и подмачкување на трансдјусерите – дел од ултразвучните мерни инструменти;
- Изработка и поставување на бетонски капаци на шахтите од Регионалниот водовод;
- Редовна контрола на шахтите и прочистување на воздушни вентили – делница Каптажа – РГ Другово , делница РГ Другово – Македонски Брод, делница Македонски Брод-Прилеп, делница РГ Другово-РЕК Осломеј и делница Дебреште–ПС Норово;
- Лоцирање на цевководот со помош на инструмент на различни локации

4. **Интервентни работи**

- Санација на дефект на приклучна шахта за село Лисичани (монтажа на СП парче)
- Контрола и прочистување на регулаторот на притисок во прекидна комора Варош
- Санација на дефект во шахтата бр.14 пред село Житоше (поставување на слепи фланши)
- Чистење на речно корито на река Студенчица (потег од зафат до МХЕ Добреноец)
- Замена на топка на воздушен вентил во шахта бр.30 пред село Норово
- Замена на воздушен вентил во шахта бр.109 на Барбарас
- Замена на топка на воздушен вентил во шахта бр.153 пред хлорна станица Прилеп
- Замена на воздушен вентил, Т-парче, слепа фланша во шахта бр.16 во село Добреноец
- Прочистување на водомер во приклучна шахта за село Локвени
- Санација на дефект на поранешен цевковод за град Кичево, пред МХЕ Добреноец

Кичево, Јануари 2018 година

Раководител на технички сектор — ВД Директор

м-р Гоце Наќески — Урим Ахмеди

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

**СТУДЕНЧИЦА**

Бул. Ослободување 60А/I-1 6250 Кичево, Македонија
Тел: 045 220 121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А*
# *за период од 01.01-31.12.2017 година*
# *правен сектор*

***Кичево, јануари 2018 год.***

## *ОПШТО НОРМАТИВНО ПРАВНИ РАБОТИ*

### *1. УПРАВЕН ОДБОР*

Управниот одбор на почетокот на извештајниот период работеше во состав од девет члена и тоа: Влатко Чагароски, Петар Иваноски, Дејан Лашкоски, Слободан Лаковски, Џемиле Берат, м-р Везирка Јанкулоска, Весна Трајковска, Весна Мишкоска и Станко Петрески.

Претседател на Управниот одбор на почетокот на извештајниот период е Петар Иваноски, а заменик претседател е м-р Везирка Јанкулоска.

Со Решение бр. 24-3767/1 од 11.07.2017 од Владата на Република Македонија за разрешување на Управниот одбор на ЈП Студенчица„Кичево се разрешуваат Дејан Лашкоски, Петар Иваноски, Влатко Чагароски, Везирка Јанкулоска, Весна Трајковска, Слободан Лаковски, Џемиле Берат, Весна Мишкоска и Станко Петрески од функцијата членови на Управниот одбор - арх.број 03-1031/1 од 21.07.2017 на ЈП „Студенчица“ Кичево.

Со Решение бр.24-4345/1 од 03.08.2017 од Владата на Република Македонија за именување на Управниот одбор на ЈП Студенчица„Кичево се именуваат : Оливер Несторовски, Живко Гошаревски, Роберт Наумовски, Саит Абазовски, Тони Матлиоски, Билјана Спасеска, Мерита Демири, Џемаил Ахмед и Фестиме Дервиши на функцијата членови на Управниот одбор. арх.број 03-1155/1 од 18.08.2017 на ЈП „Студенчица“ Кичево.

Претседател на Управниот одбор е Оливер Несторовски, а заменик претседател е Џемаил Ахмеди.

Со Уверение Живко Гошаревски е избран градоначалник на Општина Ресен од 19.10.2017 година па по автоматизам му престанува функцијата член на Управниот одбор на ЈП. Уверението е доставено во Јавното претпријатие на 18.12.2017 година.

Со Решение бр. 24-8113/1 од 05.12.2017 од Владата на Република Македонија за именување на член на Управниот одбор на ЈП „Студенчица„ Кичево се именува Јана Костадиновска за член на Управниот одбор на ЈП .

Со Решение бр.24-7978/1 од 28.11.2017 од Владата на Република Македонија за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП Студенчица, Кичево се разрешува Џемаил Ахмеди за член на Управниот одбор на ЈП .

На крајот на извештајниот период Управниот одбор на јавното претпријатие работи со осум члена.

### *2. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

На почетокот на извештајниот период Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење работеше во полн состав од пет члена и тоа: Шеваљ Цеку, Веле Дичоски, Милорад Шкиљевиќ, Бобан Миноски и Ненад Магдески согласно Статутот на ЈП.

Претседател на Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење на почетокот на извештајниот период е Бобан Миноски а заменик претседател е Миодраг Шкиљевиќ.

Со Решение бр.24-3472/1 од 11.07.2017 на Владата на Република Македонија за разрешување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈП„ Студенчица„ се разрешуваат Бобан Миноски, Ненад Магдески, Шеваљ Цеку, Веле Дичоски и Милорад Шкилјевиќ - арх.број 03-1032/1 од 21.07.2017 на ЈП „Студенчица" Кичево

Со Решение бр.24-5538/1 од 03.08.2017 на Владата на Република Македонија за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП „Студенчица„ се именуваат Зорица Чепујноска, Ален Цаноски, Лирим Фејза, Исмаил Мехмеди и Насер Исмаили- арх.03-1263/1 од 06.09.2017 година_ на ЈП „Студенчица" Кичево, објавен во, Службен весник на Република Македонија бр.135/2017 година.

Претседател на Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење е Лирим Фејза, а заменик претседател е Ален Цаноски.

На крајот на извештајниот период Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење работи со пет члена.

### *3. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ*

Во почетокот на извештајниот период директор на јавното претпријатие е м-р Ѓорѓија Сајкоски за Директор на јавното претпријатие, со мандат од четири години.

На 05.08.2017 година од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие е разрешен д-р Ѓорѓија Сајкоски, а за ВД Директор на јавното претпријатие е именуван Урим Ахмеди.

До крај на извештајниот период ВД Директор на јавното претпријатие е Урим Ахмеди.

### ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИ АКТИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Во текот на извештајниот период јануари - декември 2017 година, Управниот одбор на ЈП „Студенчица„ Кичево, донесе :

-Тарифник за утврдување на водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водовод Студенчица, кој е доставен на согласност до Владата на Република Македонија заради добивање согласност од Владата на Република Македонија

-Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие „ Студенчица„ Кичево и истата беше во извештајниот период доставена заради добивање согласност од Владата на Република Македонија

-Правила за вршење попис на постојни (основни) средства, ситен инвентар во употреба, готовина на пари, побарувања и обврски и туѓи средства за деловната 2017 година на ЈП.

***КАДРОВСКИ РАБОТИ***

Во ЈП на почетокот на деловната 2017 година има 53 вработени на неопределено работно време вклучувајќи го и Директорот на јавното претпријатие, кој по престанок на мандатот е одјавен од јавното претпријатие бидејќи доаѓа од друга институција.

Со именувањето на ВД Директорот во Јавното претпријатие тој е пријавен во јавното претпријатие.

На крајот на извештајниот период во ЈП „Студенчица„ Кичево има 53 вработени вклучувајќи го и ВД Директорот.

**Усогласување на работењето на Службата за физичко обезбедување и заштита согласно Законот и доопремување во функција на подобрување на обезбедувањето на објектите**

Во периодот јануари-декември 2017 година, се продолжи со исполнување на законските обврски предвидени за лицата кои вршат работи на обезбедување на лица и имот, односно постапка извршителите да поседуваат одобренија за носење оружје(месечен налог за носење оружје за секој месец за секој извршител поединечно).

ЈП и во овој период е член на Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот на Комората за обезбедување на имот и лица и другите интерни општи акти.

Во текот на месец ноември 2017 година е организирано боево гаѓање на стрелиштето Камник во Скопје, со расположивото оружје кое Одделението за обезбедување го поседува во вршење на секојдневната смена.

Во извештајниот период е проверена исправноста на противпожарните апарати согласно нивниот рок за употреба и сервисирање и отпочна постапка за набавка на ХТЗ опрема за службата за обезбедување.

**Активности со Државниот комунален инспекторат, во состав на Министерството за транспорт и врски**

Државниот комунален инспекторат изврши редовен инспекциски надзор, на 13.февруари 2017 година, при што не се констатирани неправилности во работењето на јавното претпријатие.

Надзорите беа извршени од обласста на комуналната сфера и од аспект на примена на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и Закон за комунални дејности.

**Активности со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Во Извештајниот период во ЈП „Студенчица„ Кичево се доставени Барања за пристап на информации од јавен карактер кои се во рок позитивно одговорени. Одбиени барања нема од страна на баратели, а исто така во извештајниот период нема ни вложени жалби против ЈП „Студенчица„ Кичево до Комисијата за

заштита на слободен пристап на информации. Во законскиот рок е доставен Годишен извештај за 2017 година за поднесени барања за пристап на информации од јавен карактер до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер.

**Активности со Државниот инспекторат за животна средина, во состав на Министерството за животна средина**

Во месец јуни 2016 година Државниот инспекторат за животна средина направи ненајавен инспекциски надзор кој го нарече редовен и по повод извршениот надзор донесе Решение со кое го задолжи јавното претпријатие спротивно на дозволата за користење на вода да уплаќа надоместок според член 213 од Законот за води со рок за постапување од 10 дена. Јавното претпријатие поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и истата беше уважена, а решението на Државниот инспекторат за животна средина беше поништено со Решение бр 0805-340 од 22.09.2016 година на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

По повод прекршочната постапка поведена пред Основниот суд Кичево ПРК бр 157/16-О од инспекторатот за животна средина против ЈП,, Студенчица,, Кичево и директорот на ЈП , односно заради неоснованиот наод на Државниот инспекторат за животна средина дека јавното претпријатие треба да уплаќа надоместок според член 213 од Законот за води, истата заврши со решение со кое се ослободува јавното претпријатие и директорот на ЈП од одговорност со Пресуда ПРК бр 157/16-О од 21.10.2016 година на Основниот суд во Кичево.

Со оглед на фактот што е поништено решението на Државниот инспекторат за животна средина беше поништено со Решение бр 0805-340 од 22.09.2016 година на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државниот инспекторат за животна средина изврши инспекциски надзор на ден 13.02.2017 година во просториите на дирекцијата на јавното претпријатие и состави Записник за извршен инспекциски надзор.

На 17.03.2017 година извршен е еден инспекциски надзор од државниот инспекторат за животна средина со посета на Зафатот на Студенчица за што е составен Записник и дополнително е доставено решение од 24.03.2017 година.

На 24.03.2017 година Државниот инспекторат за животна средина донесе Решение со кое го задолжи јавното претпријатие да ги извести своите корисници за висината и начинот на плаќање на надоместок , согласно Законот за води. Јавното претпријатие постапи по напатствијата на инспекторатот и за истото го извести Инспекторатот.

**Активности за изработка на документација за безбедност и здравје при работа на вработените во јавното претпријатие**

Во текот на месец ноември отпочната е постапка за јавна набавка за набавка на ХТЗ опрема согласно потребите за заштитни средства кои обезбедувааат безбедност и здравје при работа, а кои се предвидени во подзаконските акти на

претпријатието. Во извештајниот период се почитуваат мерките за заштита при работа.

**Активности со Центарот за управување со кризи при Влада на Република Македонија**

Заради континуирано ажурирање на постоечката евиденција за секоја настаната промена на податоци на субјектите кои учествуваат во системот за управување со кризи, каде спаѓаат и јавните претпријатија формирани од државата, до Центарот за управување со кризи во ноември 2017 се доставени промени на податоци до Секторот за операции и оперативна логистика со расположливи лица и опрема од ЈП и тоа: лица за контакт, човечки ресурси и возила, за потребите на управувањето со кризи.

**Активности за ресертификација и прва надзорна проверка на ИСО 9001 : 2008 стандардите**

Ресертификација на ИСО стандардите заврши во 2015 година, во 2016 година е направена прва надзорна проверка на ИСО стандардите, која продолжи во извештајниот период односно во 2017 година како втора надзорна проверка и во 2018 година трета надзорна проверка.

Со оглед дека Јавното претпријатие го има имплементирано и сертифицирано стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008 до корисниците е испратен анкетен лист за мерење на задоволството на корисниците од нашите услуги.

**Активности од Архивското работење во ЈП**

До Државниот архив на Република Македонија - подрачно одделение Охрид, е доставен опис и попис на архивската граѓа за 2016 година, во законски утврдениот рок до 31.03.2017 година.

